# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА<br>ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д<br>13.06.2006<br>БРОЈ 6 ГОДИНА 41** | |


## С О Д Р Ж И Н А


**1.** Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти **2**

**2.** Одлука за утврдување на Нацрт измени и дополнување на Детален урбанистички план за дел од населено место - Пештани, Урбан модул 1 општина Охрид **3**

**3.** Правилник за стекнување и распределба на средствата остварени од партиципација на ученици во општинските средни училишта **5**

**4.** Заклучок за донесување на одлука за ослободување од плаќање партиципација **6**

**5.** Одлука за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид **7**

**6.** Одлука за забрана за изведување на градежни работи на подрачјето на општина Охрид **10**

**7.** Одлука за утврдување локација за поставување споменик на Патронот на Охрид -Св.Климент Охридски **11**

**8.** Заклучок за поднесување на извештај од инспекциските служби **12**

**9.** Заклучок **13**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за продолжување на работното време на угостителските објекти што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/2**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 23 став 2 од Законот за угостителска дејност (“Сл.весник на РМ“ бр.62/04), член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 12.06.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА РАБОТНОТО ВРЕМЕ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време за 1 час на:

- угостителските објекти за исхрана, без оглед на видот на угостителските услуги, можат да работат од $07^{00}$ часот до $01^{00}$ часот наредниот ден;
- угостителските објекти за исхрана, без оглед на видот на угостителските услуги во деновите петок и сабота, спроти празнични денови и празнични денови, како и во периодот од 01 јуни до 31 август од $07^{00}$ часот до $02^{00}$ часот наредниот ден;
- угостителските објекти ноќен бар и кабаре во периодот од 01 јуни до 31 август 2006 год. можат да работат од $20^{00}$ часот до $05^{00}$ часот наредниот ден;
- угостителските објекти диско клуб и диско клуб на отворен простор во периодот од 01 јуни до 31 август 2006 год. можат да работат од $19^{00}$ часот до $05^{00}$ часот наредниот ден;

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1258/2**
**12.06.2006 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**

**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО - ПЕШТАНИ, УРБАН МОДУЛ 1, ОПШТИНА ОХРИД 2005 - 2010

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување Нацрт измени и дополнување на Детален урбанистички план за дел од населено место - Пештани, Урбан модул 1, општина Охрид 2005 - 2010, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.06.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 11,22,24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ“ бр.51/05) и врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 6/03), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 12.06.2006 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД НАСЕЛЕНО МЕСТО - ПЕШТАНИ, УРБАН МОДУЛ 1, ОПШТИНА ОХРИД 2005 - 2010

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат Нацрт измени и дополнување на Детален урбанистички план за дел од населено место - Пештани, Урбан модул 1, општина Охрид 2005 - 2010.

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа простор со површина од 0,60 Ха.

Граници на Урбаниот модул се:

- На запад границата оди по осовината на регионалниот пат Охрид -Св.Наум;
- На југ границата оди по полско пешачка патека;
- На исток границата оди по осовината на ново планираната улица по ДУП;
- На север границата оди по ново планираната улица по ДУП;

**Член 3**

Нацрт измените и дополнувањата на Детален урбанистички план за дел од населено место - Пештани, урбан модул 1, општина Охрид 2005 - 2010 со Технички бр. 97/05 изработен од Институт за урбанизам, сообраќај и екологија „ИН ПУМА„ - Скопје содржи:

**Планиран развој**

Текстуален дел

- просторен концепт, намена на површина, билансни показатели, сообраќајно решение, електро енергетски инсталации и осветлување, хидротехничка инфраструктура, мерки за заштита на животната средина и параметри за уредување на просторот;

Графички прилози

- планиран развој синтезен приказ 1: 1000;
- планиран развој синтезен приказ - инфраструктура 1: 1000

**Документациона основа**

Текстуален дел - цел, значање и метод на изработка на планот, хронологија на планирање на просторот, анализа на постојната состојба (местопложба, природни карактеристики, население, градежен фонд, инфраструктурни системи) и можности за развој.

**Графички прилози**

- извод од ОУП на крајбрежен простор на општина Охрид 1989 година 1: 5000;
- извод од ДУП за с.Пештани 1980 година 1: 1000;
- постојна состојба градежен фонд 1: 1000;
- постојна состојба инфраструктура 1: 1000;

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на Нацрт планот, изготвен според Законот за просторно и урбанистичко планирање (“Сл.весник на РМ“ бр.51/2005).

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт измените и дополнување на Деталниот урбанистички план за дел од населено место - Пештани, Урбан модул 1, општина Охрид 2005 - 2010.

**Член 5**

Јавна презентација и јавна анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место кое се наоѓа во кругот на месната самоуправа. Јавната анкета трае најмалку 15 работни дена во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1258/3**
**12.06.2006 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**

**О х р и д** **Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ ОД ПАРТИЦИПАЦИЈА НА УЧЕНИЦИ ВО ОПШТИНСКИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Правилникот за стекнување и распределба на средствата остварени од партиципација на ученици во општинските средни училишта, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.06.2006 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 104 став 3 од Законот за средно образование (“Сл.весник на РМ“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 52/02, 40/03, 67/04, 55/05, 113/05) и врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 6/03), Советот на општина Охрид на седницата, одржана на ден 12.06.2006 година го донесе следниот:

## П Р А В И Л Н И К
### ЗА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ ОД ПАРТИЦИПАЦИЈА НА УЧЕНИЦИ ВО ОПШТИНСКИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА

**Член 1**

Со овој Правилник се регулираат условите за стекнување и распеделба на средствата остварени од партиципација на ученици во општинските средни училишта.

**Член 2**

Висината на ученичката партиципација ја утврдува Училишниот одбор, по претходно добиена согласност од Советот на родители.

**Член 3**

Висината на ученичката партиципацијата се утврдува за секоја учебна година.

**Член 4**

Начинот и техниката на прибирањето на овие средства се утврдува со посебен акт на училиштето.

**Член 5**

Средствата од ученичката партиципација се строго наменски и истите можат да се наменат само за унапредување, осовременување и развој на дејноста.

**Член 6**

Одобрение за користење на средствата од ученичката партиципација дава Училишниот одбор.

**Член 7**

Контрола за наменското користење на средствата од ученичката партиципација врши основачот.

**Член 8**

Директорот на училиштето поднесува посебен годишен извештај до основачот за користењето на средствата од ученичката партиципација.

**Член 9**

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1258/4**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот за донесување на одлука за ослободување од плаќање на партиципација, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/4-1**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 год. донесе:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПАРТИЦИПАЦИЈА

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Градоначалникот преку општинската администрација т.е со стручните служби да ја разгледа можноста да се донесе одлука за ослободување од плаќање партиципација во средните општински училишта.

**Број 07- 1258/4-1**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/5**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ ВО ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај во општина Охрид.

**Член 2**

За еднонасочни улици во градот Охрид се определуваат:

- улицата “Кирил и Методи“ во насока према Горна Порта по цела должина;

- улицата “Крум Точко“ од насока на Горна Порта во насока према Дрвара, се до пресекот со улицата “Гоце Делчев“;
- улицата “Гоце Делчев“ од пресек на оваа улица со улицата “Абас Емин“ во насока према Струга и тоа до пресек со улица “Стив Наумов“;
- улицата “Стив Наумов“ од пресек со улица “Гоце Делчев“ во насока со пресекот со улицата “Пере Тошев“;
- улицата “Булевар Македонски Просветители“ и тоа од пресекот со улица “Димитар Влахов“ до пресекот со улицата “Партизанска“ во насока према Езеро;
- улицата “Јане Сандански“ од пресекот со улица “Партизанска“ во насока до пресекот со улица “Кеј Маршал Тито“ (оваа измена е со важност до 01.09.2006 година, а после тоа стариот режим);

- улицата “Кеј Маршал Тито“ од пресекот со улица “Јане Сандански“ до пресекот со улица “АСНОМ“ во насока према улица „АСНОМ“;

- улиците “Димитар Влахов“, “Даме Груев“, “Партизанска“, “Караорман“, дел од улицата “Кузман Јосифоски Питу“ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата “Димитар Влахов“ до пресекот со улицата “Партизанска“ и дел од улицата “Ванчо Николески“ и тоа од пресекот со улицата “Димитар Влахов“ до пресекот со улицата “Партизанска“ останувaат со постојаниот режим на сообраќај;

**Член 3**

Како времени паркинг простори се определуваат просторите кај:

- полигонот за мали спортови;
- дел од улицата “Ванчо Николески“ и тоа од раскрсницата со улицата “Партизанска“ до улицата “Кеј Маршал Тито“ , како и дел од улицата “Кеј Маршал Тито“ и тоа од пресекот со улицата “Ванчо Николески“ до пресекот со улицата “Јане Сандански“ како еден заеднички паркинг простор со влез на улица “Ванчо Николески“ и излез на улица “Кеј Маршал Тито“;
- дел од улицата “Кузман Јосифоски Питу“ и тоа од пресекот со улицата “Партизанска“ па према Езеро со дел од паркинг просторот позади Домот на култура Охрид.
- паркинг просторот кај времената автобуска станица;

На овие времени паркинг простори паркирањето ќе се врши со наплата.

Паркирањето со наплата ќе се врши и на паркинг просторите на следните улици:

- “Булевар Туристичка“ од двете страни кај Градскиот пазар, како и во продолжение после раскрсницата со улица “Булевар Македонски Просветители“ гледано во насока према Минимаркет и тоа првите 100 метри наменети за паркирање;
- “Булевар Македонски Просветители“ по целата должина;
- “Партизанска“ од самиот почеток од двете страни се до влезот во Македонски телекомуникации.

**Член 4**

На Плоштадот “Св.Климент Охридски“ (кружен тек), на дел од улицата “Коста Абраш“ од самиот плоштад па се до зградата на Капетанија во периодот од $05^{00}$ часот до $19^{30}$ часот ќе можат транзитно да сообраќаат само моторни возила во сопственост на жителите од стариот дел од градот со посебни пропусници. Во овој дел запирањето и паркирањето на моторни возила е строго забрането (зона во која е забрането запирање и паркирање). Делот од улицата “Кеј Маршал Тито“ и тоа од кружниот тек па се до пресекот со улицата “Ванчо Николески“ се исклучува моторниот сообраќај, при што целиот овој простор ќе се користи како пешачка зона. На наведениот простор, ќе се движат непречено само специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила и ППЗ возила (оваа измена важи само до 01.09.2006 год.);

После 01.09.2006 година останува на сила транзитниот сообраќај на кружниот тек и дел од улицата “Коста Абраш“ и истиот непречено ќе се врши од $00^{00}$ часот до $24^{00}$ часот. Исто така останува на сила забраната за запирање и паркирање на овој дел и истото ќе биде строго забрането. Во сообраќај се пушта и улицата “Кеј Маршал Тито“ како еднонасочна улица во насока према раскрсницата „Јане Сандански “.

На делот од кружниот ток и улицата „Коста Абраш“ брзината на движење се ограничува на 30км/час.

Улицата “Св.Климент Охридски“ (Чаршијата), Плоштадот “Крушевска Република“ (Чинар), улицата “Гоце Делчев“ (Стара Чаршија) се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 5**

Во Стариот дел од градот и тоа од “Горна Порта“ ќе можат да сообраќаат само моторни возило со специјални пропусници за жителите од тој дел, и тоа во период од $05^{00}$ часот до $19^{30}$ часот. Во периодот од $19^{30}$ часот до $05^{00}$ часот во стариот дел на градот и тоа во сите улици се забранува секаков вид на моторен сообраќај. На наведениот простор, со исклучок, да се движат специјални комунални возила, возила на МВР, АРМ, санитетски возила, погребни возила и ППЗ возила (оваа измена важи до 01.09.2006 година).

Специјалните пропусници ќе се издаваат во Одделението за комунален развој само на жители од стариот дел од градот кои поседуваат важечка лична карта и сопствено моторно возило со важечка сообраќајна дозвола и истите ќе се заведуваат во регистар за издадени пропусници.

**Член 6**

Снабдувањето со продукти на објектите кои се наоѓаат во Централното градско подрачје, во стариот дел од градот, старата чаршија, пазарот, на дел од улицата “Абас Емин“ и тоа од раскрсницата со улицата “Туристичка“ до раскрсницата со улицата “Гоце Делчев“, на улиците “Гоце Делчев“, “Јане Сандански“, “Питу Гули“, “7-ми Ноември“ и “Булевар Туристичка“ да се врши во времето од $05^{00}$ часот до $09^{00}$ часот во кое време заради снабдување на објектите ќе можат да се движат товарни моторни возила чија што вкупна тежина не надминува 5 тона а за потребите на корисниците на моторни возила потешки од 5 тона ќе се издаваат специјални пропусници од надлежните служби.

**Член 7**

Со дислокацијата на Автобуската станица и лоцирањето на истата во просторот кај старите гробишта, во Централното градско подрачје се забранува сообраќај на автобуси. Единствено само по улицата “АСНОМ“ од раскрсницата на истата со улицата “Туристичка“ до паркинг просторот за автобуси ќе можат да сообраќаат туристички автобуси во двете насоки.

**Член 8**

Автобускиот сообраќај кој се одвива по улица “Гоце Делчев“ кон центарот на градот да се пренасочи по улица “Бистрица“ кон улица “Булевар Туристичка“. Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга да се движат по улица “Булевар Туристичка“, Петља и Магистралниот патен правец кај село Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга. По дел од улицата “Абас Емин“ и целата должина на улицата “Гоце Делчев“ да сообраќаат само Минибуси до 20 седишта или комби возила.

**Член 9**

Сите товарни моторни возила со вкупна маса од 5 тона кои се движат по стариот пат од насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат “Распаќе“ и се приклучат на улица “Булевар Туристичка“.

**Член 10**

На раскрсницата помеѓу улиците „Јане Сандански“ и „Даме Груев“, „Питу Гули“, „Сирма Војвода“ се воспоставува кружен тек на сообраќај.

На пресекот помеѓу улиците „Кленоец“ и „7-ми Ноември“ се формира раскрсница при што се воспоставува непречено движење од улица „7-ми Ноември“ према улица „Кленоец“ и обратно.

**Член 11**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постојниот режим.

**Член 12**

Надлежните служби на локалната самоуправа да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација согласно предложениот режим и интензитет на сообраќај.

**Член 13**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организирањето на режимот на сообраќај во општина Охрид број 07-2125/3 од 25.08.2005 година.

**Член 14**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1258/5**
**12.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАБРАНА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за забрана за изведување на градежни работи на подрачјето на општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/6**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид (“Сл.гласник на општина Охрид“ бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година, донесе:

**О Д Л У К А**

**ЗА ЗАБРАНА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ НА**

**ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

СЕ ЗАБРАНУВА да се изведуваат градежни работи од типот на високоградба, ниска градба, прекопувања на улици, тротоари, патеки и сл. на подрачјето на општина Охрид.

**Член 2**

Оваа забрана важи за подрачјето на градот и тоа:

- просторот под улица "Булевар Туристичка" до езерото и тоа на потегот од "Билјанини извори" до реката Даљан;

- просторот над улица "Булевар Туристичка" во длабочина од 50м.;

Забраната нема да важи за изградба на објекти од јавен интерес и за изведување на јавни работи.

**Член 3**

Забраната за изведување на градежни работи ќе важи за временскиот период од 01.07.2006 година до 31.08.2006 година.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-1258/6**
**12.06.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ СПОМЕНИК НА ПАТРОНОТ НА ОХРИД - СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување локација за поставување споменик на патронот на Охрид - Св. Климент Охридски, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/7**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 83 од Статутот на општина Охрид и Заклучокот бр. 07-2125/5 од 25.08.2005 год., Советот на општина Охрид на седницата одржана на 12.06.2006 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ СПОМЕНИК НА**

**ПАТРОНОТ НА ОХРИД - Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува локација за поставување споменик на патронот на Охрид - Св. Климент Охридски.

**Член 2**

Споменикот на Св. Климент Охридски ќе биде поставен на дел од к.п. бр.16460 и дел од к.п.17287 КО Охрид.

**Член 3**

Површината на основата на споменикот ќе биде 25 м2, а висината на истиот ќе изнесува 6,5 метри.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука е графичкиот приказ бр. 09–2572/2 од 12.06.2006 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на општина Охрид".

**Број 07-1258/7**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучок за поднесување на извештај од инспекциските служби, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/8**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ОД ИНСПЕКЦИСКИТЕ СЛУЖБИ**

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Градоначалникот на општина Охрид да поднесе Извештај за работењето на инспекциските служби за периодот од 01.01.2006 до 31.06.2006 година.

**Број 07-1258/8**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 година.

**Број 08-1258/9**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 83 од Статутот на општина Охрид ("Сл.гласник на општина Охрид" бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.06.2006 год. донесе:

**З А К Л У Ч О К**

СЕ ПОВЛЕКУВА Предлог Одлуката за донесување Генерален урбанистички план на Охрид 2002 - 2012, од седумнаесеттата седница на Советот.

СЕ ЗАДОЛЖУВА Секторот за урбанизам, заштита на животната средина и комунален развој, веднаш да побара од надлежниот Конзерваторски орган да ги достави заштитно конзерваторските основи во рок од 20 дена сметано од 12.06.2006 година.

СЕ ЗАДОЛЖУВА Советот на општина Охрид, во рок од 30 дена, сметано од денешниот ден да одржи седница за донесување Генерален урбанистички план на Охрид 2002 - 2012.

**Број 07-1258/9**
**12.06.2006 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски с.р**